„ИДНИНАТА Е ВО ЗАДРУГА"

# НАСОКИ ЗА ПОВИКОТ бр. 01/КЗЗ/2023

**за доделување грантови на земјоделските задруги во рамките на проектот**
„Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор - Конкурентни Земјоделски задруги „

## 1. ЗА ПРОЕКТОТ

Овој повик за регрантирање е објавен во рамките на проектот „Зајакнување на управувањето на земјоделските задруги за подобрување на конкурентноста во земјоделскиот сектор - Конкурентни Земјоделски задруги „што го спроведуваат Здружение за унапредување на земјоделските задруги „Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги (МАЗЗ)" и Здружението за бизниси и консултанти „Креација", Проектот е финансиски поддржан од Европската унија во рамки на ИПА Програмата за Зајакнување на модернизацијата и иновативниот менаџмент во секторот на земјоделството во Северна Македонија.

Проектот ги адресира проблемите со нискиот производствен капацитет на земјоделците и земјоделските задруги, воедначен квалитет на земјоделските производи и ниската позиција на пазарот на земјоделски производи преку услуги за воведување модел на соработка и иновативен менаџмент на земјоделски производи со етикета за квалитет и географска ознака, надградени со шеми за ре-грантирање на бизнис плановите за подобрена конкурентност и подобра позиција во вредносните синџири на земјоделските производи.

Главна цел на проектот е подобрување на конкурентноста на земјоделските задруги и живеењето во руралните области преку прилагодени советодавни услуги и под-грантови шеми за повисок производствен капацитет, зголемен удел на пазарот и полесен пристап до финансии.

Специфични цели на проектот се: (1) Развој и промовирање на модел за соработка помеѓу земјоделците за воспоставување и/или зголемување на членството во земјоделските задруги од Североисточниот, Полошкиот и Југозападниот регион и Областа Преспа; (2) Зголемување на производствениот капацитет и пазарното присуство на земјоделските задруги со етикети за квалитет и/или географска ознака на нивните производи; и (3) Подобрување на менаџментот на земјоделските задруги и земјоделците за полесен пристап до финансии и програми за поддршка.

## 2. ЦЕЛИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД РЕ-ГРАНТИРАЊЕТО

Ре-грантирањето ќе го поддржи и зајакне капацитетот на земјоделските задруги од Североисточниот, Полошкиот, Југозападниот регион и областа Преспа област за зголемување на производствените капацитети, воведување етикета за квалитет, географска ознака или додадена вредност на земјоделските производи. Истовремено, ќе овозможи земјоделските задруги да ги диверзифицираат и зголемат своите извори на финансирање и приходи.

**Цел на ре-грантирањето** е да се спроведе модел на соработка кој ќе го зголеми производствениот капацитет на земјоделците, ќе го подобри пазарното присуство на земјоделските задруги со етиката за квалитет и географска ознака и ќе обезбеди лесен пристап до финансии и поддршка. Земјоделските задруги ќе развиваат нови услуги за членките и ќе инвестираат во опрема и нови технологии за подобрување на конкурентноста, и присуството на пазарот. **Специфични цели** се воведување етикета за квалитет и географски ознаки за

Проектот е финансиран од Европската унија

земјоделските производи (млеко и сирење, јагнешко месо, јаболко, мед, јаболко, слива, вишна, лешник и други); подобрување на моделот за соработка кој ќе обезбеди подобро присуство на пазарот (промоција, маркетинг и сечила) и поголем приход во руралните средини; и да се дизајнираат предлог мерки на политиката за поддршка на конкурентноста на земјоделскиот сектор.

**Видовите на активности** кои имаат право на финансиска поддршка ќе бидат: купување на нова опрема за додадена вредност на земјоделските производи; механизација за обезбедување подобар квалитет на производите; процеси за пакување на производите; опрема за производство според етикетата за квалитет или географска ознака; уредување на долгорочни односи со агро-бизнис фирмите и производство за познат купувач ( производители) ; маркетинг и промовирање на активности ( веб-сајт; е-продажба); Влегување на нов пазар преку Б2Б состаноци или учество на саеми.

**Резултати од ре-грантирањето** ќе бидат: Подобрени капацитети на земјоделските задруги за организирање и испорака на нови услуги за нивните членови и подобрување на нивната конкурентност, дополнителни приходи (зголемена продажба преку земјоделските задруги) и нови извори на приходи. Процесот на учење ќе биде надополнет со експертизата на имплементаторите на акцијата. Апликантите ќе бидат поддржани со обуки и менторство во сите фази на ре-грантирањето - од нивната пријава со деловниот (бизнис) план, до одговорно управување со грант финансиите.

Ќе се обезбеди **техничка помош за сите грантисти** во спроведувањето на активностите, со прилагодени обуки за јакнење на капацитетите на грантистите, а во согласност со нивните специфични потреби. Планирано е и вмрежување на грантистите за: размена на информации, искуства и научени лекции, комуникација за проблеми и можни начини за нивно решавање.

## 3. ЗЕМЈОДЕЛСКИ ЗАДРУГИ КОИ МОЖЕ ДА СЕ ЈАВАТ НА ПОВИКОТ

Повикот е отворен за сите земјоделски задруги кои:

- се регистрирани како земјоделски задруги со регистрирано седиште во Североисточниот, Северозападниот, Југозападниот и регионот Преспа;
- ќе поднесат целосно пополнет образец за пријавување и придружни документи;
- ќе поднесат пријава до крајниот рок на овој на повик;
- ќе обезбедат минимум 10 % сопствено учество во инвестицијата;
- ќе побараат финансиска поддршка што не ја надминува висината на грантовите предвидени со овој повик.

Пријавата мора да биде во согласност со овие критериуми за да се селектира за оценување. Пријавите кои нема да ги исполнуваат кој било од наведените услови ќе бидат одбиени и нема да се оценуваат.

Во случај при аплицирањето да недостасува одреден документ, апликантот ќе биде информирани од страна на тимот на проектот дека е потребно во рок од 5 работни денови да го достави документот кој недостасува. Доколку во предвидениот рок не се достави бараниот документ, апликацијата ќе биде отфрлена.

## 4. ВИСИНА НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА СО ПОВИКОТ И НЕЈЗИНО ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Одобрениот грант од страна на проектот може да биде до максимум 37.000 евра, односно 2.271.800,00 денари, а предвидени се вкупно 260.050 евра за сите грантови што ќе се одобрат со повикот.

Буџетот на проектите може да се намени за директни трошоци поврзани со реализацијата на одобрените проекти, вклучително и финансиски надоместок за лицата кои ги спроведуваат проектите.

Проектите кои ќе бидат поддржани можат да се спроведуваат најмногу 10 месеци, почнувајќи од декември 2023 г. Од избраните грантисти се очекува да учествуваат во подоцнежните активности за вмрежување, застапување и консултирање во времетраењето на проектот, како и да земат активно учество во планираните обуки за јакнење на капацитетите.

## 5. ПОСТАПКА И КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

Изборот на пријави ќе го врши проектниот тим врз основа на следниве критериуми:

1. Организациски капацитет и релевантно искуство и резултати на земјоделската задруга (максимум 40 бодови)
    - Капацитети на земјоделската задруга (максимум 20 бодови)
    - Релевантно искуство и постигнати резултати (максимум 20 бодови)
2. Предложената инвестиција и технички пристап (максимум 50 бодови):
    - Релевантност на предлогот за целите на повикот (максимум 20 бодови);
    - Ориентирани кон јасни резултати (максимум 30 бодови)
3. Економичност на предлогот (максимум 10 бодови)
    - Зголемената годишна продажба во однос на инвестицијата (максимум 5 бодови)
    - Политики за одржливост, ГАП, заштита на околината, користење на пестициди, максимум 5 бодови)

Во текот на постапката за избор, може да бидат побарани дополнителни информации од подносителот на пријавата за предлог-проектот или за организацијата. Барањето дополнителни информации во врска со одреден предлог не подразбира дека истиот ќе биде или нема да биде поддржан.

До пријавените земјоделски задруги ќе бидат испратени дописи за одобрување, односно одбивање на предлог-проектите, а списокот на пријавени организации ќе биде објавен на веб-сајтот www.mazz.mk.

## 6. РОКОВИ

- Доставување пријави: **заклучно со 10.11.2023 г.**
- Поставување прашања на адресата за електронска пошта mazz@mazz.mk: заклучно со 10.10.2023 г.

- Информативни настани во Крива Паланка, Ресен и Маврово на 4-5-6 октомври 2023.
- Објавување на поддржаните иницијативи : ноември 2023 г.
- Потпишување договор: 10 декември 2023
- Спроведување на активностите: декември 2023 г. до септември 2024 г.

## 7. ПОНИШТУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

Постапката може да биде поништена во следните случаи:

- Доколку настанале непредвидени промени во проектната рамка
- На барање на донаторот – Европската Унија
- Други услови за кои Договорниот орган соодветно ќе информира

## 8. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Земјоделските задруги се пријавуваат со пополнување **пријава** и испраќање заедно со следните прилози:

(1) Тековна состојба не постара од 6 месеци
(2) Одлука на собранието на ЗЗ за инвестицијата за која се аплицира на повикот
(3) Список на членови на ЗЗ задруга, потпишан од секој член поединечно и заверен со печат на задругата
(4) Уверение дека на задругата не и е забрането вршење на дејност
(5) Уверение дека на менаџерот на задругата не му е забрането вршење на дејност
(6) Уверение дека задругата не е во стечајна или ликвидациона постапка
(7) Изјава заверена на нотар дека за исти инвестиции наведени во апликацијата не се користени средства од друг донатор, орган на државна управа или од други средства за финансирање
(8) Деловен план за реализација на грантот за кој се аплицира
(9) Завршна сметка за 2022 година и рекапитулари за последни 6 исплатени плати за задруги кои имаат вработено лице во задругата

Целосните пријави со придружните документи треба да се испратат по пошта или да се достават на рака на следната адреса:

**Здружение за унапредување на земјоделските задруги Македонска Асоцијација на Земјоделски Задруги - МАЗЗ**

**Ул. Јордан Мијалков бр.38/1, 1000 Скопје**

**(назнака: Конкуренти земјоделски задруги- повик)**

**Работно време 9,00 -16,00 часот**

Крајниот рок за поднесување на пријавите е **10.11.2023 г. до 16,00 часот**

АННЕКС 1 - Критериуми за евалуација на пријавите

| Критериуми | | Бодови |
|---|---|---|
| **1. ОРГАНИЗАЦИСКИ КАПАЦИТЕТ, РЕЛЕВАНТНО ИСКУСТВО И РЕЗУЛТАТИ ( 40 бодови)** | | |
| 1.1. КАПАЦИТЕТ НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА (20 бодови) | | |
| Број на членови на земјоделската задруга | ☐ Помеѓу 5 и 10 членови<br>☐ Помеѓу 11 и 20 членови<br>☐Над 20 членови | 2 бодови<br>4 бодови<br>5 бодови |
| Имот (земјиште/грла добиток, пчелни семејства,опрема) со кое располага/користи земјоделската задруга | ☐Не<br>☐Да | 0 бодови<br>5 бодови |
| Вработен управител на ЗЗ | ☐Нема вработен<br>☐Да, над 40 години<br>☐Да, под 40 години | 0 бодови<br>2 бодови<br>5 бодови |
| Жена управител на ЗЗ | ☐Не<br>☐Да | 0 бодови<br>5 бодови |
| 1.2. ИСКУСТВО И РЕЗУЛТАТИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА ЗАДРУГА (20 бодови) | | |
| Години на работење на ЗЗ | ☐До 3 години<br>☐Над 3 години | 2 бодови<br>5 бодови |
| Остварен приход во 2022 година (завршна сметка) | ☐ до 300.000 денари<br>☐ 300.001 до 500.000 денари<br>☐ над 500.000 денари | 5 бодови<br>8 бодови<br>10 бодови |
| Членка на МАЗЗ со платена членарина за: | ☐2023 година<br>☐2023 и 2022 година<br>☐2023, 2022 и 2021 година | 1 бодови<br>3 бодови<br>5 бодови |
| **2. ПРЕДЛОЖЕНА ИНВЕСТИЦИЈА- РЕЛЕВАНТНОСТА СОГЛАСНО ЦЕЛИТЕ НА ПОВИКОТ (50 бодови)** | | |
| 2.1. РЕЛЕВАНТНОСТ СОГЛАСНО ЦЕЛИТЕ НА ПОВИКОТ (20 бодови) | | |
| Воведување етикета за квалитет или географска ознака | | 5 бодови |
| Воведување на нови услуги на земјоделската задруга | | 5 бодови |
| Подобар пристап до пазарот | | 10 бодови |
| 2.2. ОРИЕНТИРАНОСТ КОН РЕЗУЛТАТИ ( 30 бодови) | | |
| Пораст на продажбата | ☐ до 10 %<br>☐ 11 до 15%<br>☐ над 15% | 5 бодови<br>7 бодови<br>10 бодови |
| Сопствено учество | ☐минимум 10%<br>☐ 11-15%<br>☐ над 15% | 5 бодови<br>7 бодови<br>10 бодови |
| Планирани нови работни места со инвестицијата | ☐ едно работно место<br>☐ 2 и повеќе работни места | 5 бодови<br>10 бодови |
| **3. ЕКОНОМИЧНОСТ И ОДРЖЛИВОСТ НА ИНВЕСТИЦИЈАТА ( 10 бодови)** | | |
| Период на враќање на инвестицијата | ☐> 5<br>☐< 5 | 2 бодови<br>5 бодови |
| Политики за одржливост ( ГАП, заштита на околината, користење на пестициди) | | 5 бодови |
| Вкупно бодови | | 100 |